АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 29.05.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2602 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар

3. **Датум на извршување на надзорот:** 29 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **Образложение:** При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година во радиостаницата било вработено само едно лице, и тоа како управител, односно директор на радиодифузерот. Поради тоа, на 08.05.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2315/1) побара од него, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите коишто радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 21-ви и 28-ми мај 2018 година (Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за едно лице и два договори на дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно три лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***